**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Станислав Тасески**
**именуван за подрачјето на**
**Основните судови**
**Охрид, Струга и** Дебар
**ул. Даме Груев бр.20А 1/1**
**тел. 046 251 079** taseskistanislav@yahoo.com

**Образец бр.29**

**И.бр.721/2025**

Извршителот **Станислав Тасески** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за градежништво трговија и услуги МИТАН ПРОМ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Охрид** од Охрид со ЕДБ 4020024550422 и седиште на ул.Асном бр.18/1 Охрид, засновано на извршната исправа НПН бр.1984/25 од 04.9.2025 г. на Нотар Бахар Калем од Охрид, против должникот **Друштво за производство,трговија и услуги ОХРИД ОРГАНИЦС ДОО Охрид** од Охрид со ЕДБ 4020018536302 и седиште на ул.Бул.Туристичка бр.15а/11 Охрид, за спроведување на извршување во вредност 4.699.319,00 ден., на ден 26.3.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** прва продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1.Налепница 0001, количина 2, Овлажнувач на воздух – Чилер, производ – BREEZE collective, WR290-1-80-280K AC+WC, година 11.2023, состојба - исправна, амортизација 20 , **проценета вредност 10.735.440,00 денари** ;

2. Налепница 0001, количина 1, 7-седум сандаци – пленуми за сушење во сушара, комплет со 7-седум колички, 1120 пластични тацни и 7-седум приклучоци со по 4 филтри за довод на воздух, од инвентарни броеви 00086, 00166 и 00167, производ – BREEZE collective, година 11.2023, состојба – исправна, амортизација 20, **проценета вредност 19.957.034,00 денари**

**Вкупна продажна цена** за проценетите подвижни предмети изнесува **30.692.474,00 денари** .

Вкупната проценетата вредност на подвижните предмети, претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање, со оглед дека **истите се продаваат како целина во пакет .**

Предметите се оптоварени со следните товари: Врз основа на член 104 ст.3 од ЗИ, подвижните предмети кои се предмет на продажба со усно јавно наддавање, се оптоварени со залог во корист на доверителот запишан во Заложниот регистар на РСМ со потврда за регистрација на залог дел. бр. 103202500000218 на 01.10.2025 година .

Продажбата ќе се одржи на **ден 16.04.2026 во 12:00 часот** во просториите на Извршител Станислав Тасески од Охрид, на ул.Даме Груев бр. 20 1/1 Охрид.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник НОВА МАКЕДОНИЈА и на веб страната на Комората на извршители на РСМ .

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 ( една десеттина) од утврдената вкупна вредност, со оглед дека **подвижните предмети се продаваат како целина во пакет и истата изнесува 3.069.247,00 денари .**

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметка на извршителот Станислав Тасески од Охрид, со број 200001950031926, депонент Стопанска банка АД Скопје, ЕДБ 5026009500402, со цел на дознака „Гаранција за И.бр.721/2025)

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во просториите на должникот кои се наоѓаат во с. Ново Село Охрид, **со претходна најава кај извршителот од 5 - пет дена .**

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Станислав Тасески

________________

Д.-на: Обвивка на списи,

Доверител,

Должник.

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Охрид, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.